# АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 98-а став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15 , 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16), директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КАМАТНИ СТАПКИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на субвенционирање на каматни стапки во земјоделството и руралниот развој.

### Член 2

(1) Барањето за субвенционирање на каматни стапки, се доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенцијата), по објавување на јавен повик од страна на Агенцијата.

(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува во електронска форма преку регистрација на електронски портал на Агенцијата.

### Член 3

(1) Барателите за субвенционирање на каматни стапки потребно е кон барањето во електронска форма да приложат и соодветна документација со која се докажува исполнетоста на условите за користење на помошта од член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој и тоа:

- договор за склучен кредит со банка или штедилница за инвестицијата финансирана од Инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија и

- детален амортизационен план кој е прилог на договорот за кредит.

(2) По приемот на барањето од став (1) на овој член се проверува исполнетоста на условите за субвенционирање на каматните стапки од член 98-а став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој.

**Член 4**

(1) По административната проверка доколку барателот ги исполнува условите за субвенционирање на каматни стапки, барателот и Агенцијата склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

(2) Барателот треба да ја извести Агенцијата за секоја промена во однос на договорот за склучен кредит со банката и штедилницата за инвестицијата финансирана од Инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија, како и во случај на предвремено враќање на дел или целиот износ на користениот кредит одобрен од банката или штедилницата.

**Член 5**

Субвенционирањето на каматни стапки се исплаќа по доставено барање за исплата и доставени изводи за подмирени обврски за исплатени ануитети во согласност со амортизациониот план и тоа на полугодишно или годишно ниво согласно договорот од член 4 став (1) на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-3266/1

20 септември 2016 година

Скопје

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,

в.д. Директор,

Билјана Вуковиќ, с.р.